инспектор утврдени во членот 40 став (2) од Законот за инспекциски надзор, да има завршено образование за наставник и работно искуство во воспитно-образовна установа, верифицирана од Министерството за образование и наука, како и други услови утврдени со актот за систематизација на работните места.

(4) За просветните инспектори нивоата во рамките на категориите дополнително се опишуваат со звање и тоа:

- Б2 - главен инспектор,
- Б3 - помошник главен инспектор,
- Б4 - виш инспектор,
- В1 - советник инспектор,
- В2 - самостоен инспектор,
- В3 - помошник инспектор и
- В4 - помлад инспектор.

(5) Издавањето на лиценците и обуките за стекнување со лиценца за просветен инспектор, се спроведуваат согласно со одредбите од Законот за инспекциски надзор.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT E INSPEKTIMIT TË ARSIMIT**

Neni 1

Në Ligjin e Inspektimit të Arsimit (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13, 41/14, 33/15, 145/15, 30/16, 64/18 dhe (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 3/25), neni 7 ndryshohet si vijon:

“Neni 7

(1) Vendet e punës së inspektorëve të arsimit klasifikohen në kategoritë B dhe V dhe nivelet përkatëse në përputhje me dispozitat e Ligjit të Mbikëqyrjes Inspektuese.

(2) Kandidati për inspektor të arsimit i kategorisë B, përveç kushteve të përgjithshme të punësimit të përcaktuara në Ligjin e Nëpunësve Administrativë, duhet t'i plotësojë edhe kushtet e veçanta të punësimit për inspektor të përcaktuara në nenin 40, paragrafi (1) të Ligjit të Mbikëqyrjes Inspektuese, të ketë të mbaruar arsimin si mësimdhënës dhe përvojë pune në institucionin edukativo-arsimor, të verifikuara nga Ministria e Arsimit dhe Shkencës, si dhe kushtet e tjera të përcaktuara me aktin e sistemimit të vendeve të punës.

(3) Kandidati për inspektor të arsimit i kategorisë V, përveç kushteve të përgjithshme për punësim të përcaktuara me Ligjin e Nëpunësve Administrativë, duhet t'i plotësojë edhe kushtet e veçanta për punësimin e inspektorit të përcaktuara në nenin 40, paragrafi (2) të Ligjit të Mbikëqyrjes Inspektuese, të ketë të mbaruar arsimin si mësimdhënës dhe përvojë pune në institucionin edukativo-arsimor, të verifikuara nga Ministria e Arsimit dhe e Shkencës, si dhe kushtet e tjera të përcaktuara me aktin e sistemimit të vendeve të punës.

(4) Për inspektorët e arsimit brenda kategorive, përshkrimi i detajuar bëhet duke përdorur titullin (zënien), siç vijon:

- B2 - Kryeinspektor,
- B3 - Ndihmës kryeinspektor,
- B4 - Inspektor i lartë,
- V1 - Inspektor këshilltar,
- V2 - Inspektor i pavarur,
- V3 - Ndihmës inspektor dhe
- V4 - Inspektor i ri.

(5) Lëshimi i licencave dhe trajnimet për marrjen e licencës për inspektor të arsimit bëhet në pajtim me dispozitat e Ligjit të Mbikëqyrjes Inspektuese.“.

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

---

**1572.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за енергетска ефикасност,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 1 април 2025 година.

Бр. 08-2017/1
1 април 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**

Член 1

Во Законот за енергетска ефикасност („Службен весник на Република Македонија“ број 32/20, 110/21, 236/22 и 147/24), во член 41 ставот (5) се менува и гласи:

„Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини наплаќа надоместок за издавање на лиценца за вршење на енергетска контрола во износ од 6.000 денари и надоместок за продолжување на лиценца за вршење на енергетска контрола во износ од 3.000 денари.“.

Член 2

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетска ефикасност („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 147/24) во член 29 ставот (1) се менува и гласи:

„Овластувањата за вршење на енергетски контроли издадени пред влегувањето во сила на овој закон важат до 30 јуни 2026 година и со истите можат да се вршат исклучиво енергетски контроли на згради. Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, по службена должност, го усогласува рокот на важност во издадените овластувања, најдоцна до 31 декември 2025 година.“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Издадените овластувања согласно со ставот (2) на овој член се со рок на важност до 30 јуни 2026 година.“.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR EFIKASITET ENERGJETIK**

Neni 1

Në Ligjin për Efikasitet Energjetik (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” numër 32/20, 110/21, 236/22 dhe 147/24) në nenin 41 nënparagrafi 5 ndryshon si vijon:

“Ministria e Energjetikës, Minierave dhe Burimeve Minerale për dhënien e licencës për kryerjen e kontrollit energjetik ngarkon tarifë prej 6.000 denarë dhe për vazhdimin e licencës për kryerjen e kontrollit energjetik në shumë prej 3.000 denarë.

Neni 2

Në Ligjin për Ndryshimin dhe Plotësimin e Ligjit për Efikasitet Energjetik (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 147/24), neni 29 paragrafi (1) ndryshohet si vijon:

“Autorizimet për kryerjen e auditimeve energjetike të lëshuara para hyrjes në fuqi të këtij ligji janë të vlefshme deri më 30 qershor 2026 dhe mund të përdoren vetëm për kryerjen e auditimeve energjetike të ndërtesave”. Ministria e Energjetikës, Minierave dhe Burimeve Minerale, sipas detyrës zyrtare, harmonizon afatin e vlefshmërisë së autorizimeve të lëshuara, jo më vonë se data 31 dhjetor 2025.

Paragrafi (3) ndryshon si vijon:

(3) Autorizimet e lëshuara, sipas paragrafit (2) të këtij neni, janë të vlefshme deri më 30 qershor 2026. “

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi me ditën e botimit në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

---

**1573.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за Бирото за развој на образованието,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 1 април 2025 година.

Бр. 08-2018/1
1 април 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

Член 1

Во Законот за Бирото за развој на образованието („Службен весник на Република Македонија“ број 37/2006, 142/2008, 148/2009, 69/13, 120/13, 148/13, 41/14, 30/16 и 64/18), во член 8-д во ставовите 2 и 3 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 2

Во член 21 ставот 1 се менува и гласи:

„(1) За директор на Бирото може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Северна Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен најмалку VII/1 степен образование;

4) има најмалку пет години работно искуство во воспитно-образовната работа и ги исполнува условите од членот 17 алинеи 2, 3 и 4 од овој закон и

5) да има меѓународно признат сертификат или уверение за познавање на англискиот јазик не постар од пет години и тоа: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT) - најмалку 30 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 3 бода, КЕТ (KET) (Cambridge English) – положен, АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) или да има сертификат, уверение или потврда со кое се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски) на најмалку ниво Б2 (B2) од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или странство, регистрирана како давател на оваа услуга, освен за наставниците по предметот англиски јазик, француски јазик и германски јазик и

6) да има изготвено план и програма за работа и развој на Бирото за период од четири години.“.

По ставот 1 се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) За заменик на директор на Бирото може да биде изменувано лице кое ги исполнува истите услови како и за директор на Бирото, освен условот од ставот (1) точка 6) на овој член.“.

Ставот (2) станува став (3).

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR BYRON E ZHVILLIMIT TË ARSIMIT**

Neni 1

Në Ligjin e Byrosë së Zhvillimit të Arsimit, “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 37/06, 142/08, 148/09, 69/13, 120/13, 148/13, 41/14, 30/16 dhe 64/16), në nenin 8-d në paragrafin 2 dhe 3 fjalët: “Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative dhe Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallë të Dytë” zëvendësohet me fjalët: “Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative, Procedurë të Marrëdhënies së Punës dhe Mbikëqyrje Inspektuese në Shkallë të Dytë”.

Neni 2

Në nenin 21, paragrafi 1 ndryshon si vijon:

(1) Një person, i cili plotëson kushtet e mëposhtme, mund të emërohet si drejtor i Byrosë:

1) është shtetas i Republikës së Maqedonisë së Veriut,

2) në momentin e emërimit me aktgjykim të plotfuqishëm gjyqësor nuk i është shqiptuar dënimi ose sanksioni kundërvajtës ndalimi për ushtrimin e profesionit, veprimtarisë ose detyrës,